31721

Зборче

13454,

НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 6 Јули 1984 год. ● стр. 9




ДЕЖУРНА КАМЕРА

## Низ лавиринти до Музејот на современата уметност

Да се дојде до Музејот на современата уметност, кој се наоѓа малку погоре од тврдината Кале, секако дека не претставува проблем за тој, којшто добро го познава градот. Зашто, ако се тргне по улицата што води кон Скопската тврдина, од десната страна веднаш може да се забележи Музејот, со голем паркинг — простор пред него. Исто така, на патот е поставена и табла, на која пишува „Музеј на современата уметност". Меѓутоа, оваа табла е поставена на несоодветно место и секој што се раководи според неа, многу тешко ќе го најде Музијот. Имено, таа е многу подолу, на самиот свиок што води кон тврдината, и тоа пред една патека. Така, туристите и оние кои сакаат да го посетат Музејот, или залудно ќе го бараат по тврдината, или ќе се упатат по патеката, пред која е поставена таблата. А таа патека навистина може да ги одведе кон Музејот, меѓутоа, она на што се наидува додека се оди низ неа, секого ќе го доведе во недоумица. Прав, кучиња, куќи со нерешена инфраструктура тоа, е она на што се наидува на патеката што води кон Музејот на современата уметност.

Кога таблата, која создава толку недоумици, би била поставена на адекватно место, на улицата пред самиот Музеј, секако дека туристите не би ги имале сите овие проблеми. А сигурно дека е голем бројот на оние, кои следејќи ја таблата, залудно го барале и, можеби на крајот, се откажале од посетата на Музејот.

З. П.